Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 53, 1 февруари 2011 година

февруари 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд, одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научното подрачје образование на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Медијација во кривичните предмети (македонско и светско искуство)“ од доцент д-р Љупчо Сотироски и м-р Олга Ѓуркова ........ 25

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ОБРАЗОВАНИЕ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на Одлука бр.2102-79/31 од 24.12.2010 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, именувана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научно подрачје образование на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во состав:

1. проф. д-р Лена Дамовска, редовен професор на Филозофски факултет, Институт за педагогија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, претседател;
2. проф. д-р Снежана Адамчевска, редовен професор на Филозофски факултет, Институт за педагогија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, член;
3. доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

По распишаниот Конкурс во дневниот весник „Дневник“, на 7.12.2010 година, во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: **д-р Кирил Барбареев** и **м-р Соња Мицевска-Тоточевска.**

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование на РМ („Сл.весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009 и 99/2009), а согласно со член 32, според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и врз основа на приложената документација од страна на кандидатите, Комисијата констатира дека еден од кандидатите - **м-р Соња Мицевска - Тоточевска не ги исполнува условите за избор**, предвидени со Конкурсот за избор во звањето наставник. Приложениот извештај се однесува на кандидатот д-р Кирил Барбареев.

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Кирил Барбареев** е роден на 1 јули 1976 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип.

Во академската 1997/1998 година се запишува на Педагошкиот факултет во Штип. Студиите ги завршува во 2001 година, со просечен успех 9,21 и се стекнува со звање **дипломиран професор - воспитувач**. Прогласен е за најдобар студент на Педагошкиот факуклтет во генерацијата 1997/2001 за што добива Признание за најдобар студент од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2002 година се запишува на постдипломски студии на Филозофскиот факултет - Институт за педагогија во Скопје. Во 2007 година се стекнува со академски степен **магистер по педагошки науки**, со одбрана на магистерска теза „Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителната година“. Во 2010 година со одбрана на докторската теза „Образованието и професионалниот развој на воспитувачите во предучилишното воспитание и образование“, кандидатот Кирил Барбареев станува **доктор по педагошки науки**.

***Научноистражувачка дејност***

Научниот ангажман на д-р Кирил Барабреев укажува на фактот дека негова преокупација се глобалните проблеми поврзани со професионалниот развој на воспитувачите и наставниците во функција на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Кандидатот д-р Кирил Барбареев во периодот од 2005 година реализира неколку студиски престои, кои имале големо влијание при неговите професионални ангажмани и ориентација, како и во реализирањето на студиската програма со студентите. Вклучен е во голем број проекти кои се клучни за неговиот професионален развој и зајакнување на капацитетите на системот за образование и професионален развој на наставниците. Проект Креативна настава и учење, Лондон студиска посета (2005).

- Проект Креативна настава и учење, Integrating ICT into Curriculum – 1 (2005).
- Проект Креативна настава и учење, Integrating ICT into Curriculum -2 (2006).
- Проект Социјалниот и педагошкиот идентитет на наставничкиот кадар (2004-2007).
- Темпус проект Integrating E-Learning across Teacher Curriculum (2006-2009).
- Проект Уницеф - Ран детски развој (2010).

Активно учествува на семинарите и работилниците организирани од Фондацијата Институт Отворено општество на теми поврзани за компетенциите на наставникот, социјална правда, иднината на образованието итн.

***Анализа на рецензирани и објавени трудови***

Кандидатот д-р Кирил Барбареев е автор на повеќе трудови кои вклучуваат оригинални научни резултати, а се објавени во домашни и меѓународни списанија и зборници. Овие трудови третираат проблеми од различни области на педагошката теорија и практика.

Барбареев, К. (2006) Развој на предучилишниот курикулум со посебен осврт на курикулумот Desirible outcomes, Списание „Воспитание“, бр.6-7, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип, стр.169

Во овој труд авторот укажува на тоа дека курикулумот се базира на серија посакувани вредности кои се остваруваат по пат на пракса. Програмата за учење на децата треба да им овозможи развој на нивните вештини и концепти. Резултатите се поделени во 6 различни области кои одговараат на 9 области на учење зацртани од одборот Rambold (Rumbold Committee, 1990): **ОБЛАСТИ НА УЧЕЊЕ:** личен и социјален развој; јазик и литература; математика; значење и разбирање на светот; физички развој; креативен развој.

Барбареев, К.(2006) Педагошкиот идентитет на наставничкиот кадар, Научна конференција, Струга 12-14.10.2006 година

Во трудот „Педагошкиот идентитет на наставничкиот кадар” авторот прави сериозен обид да се надминат митовите, очекувањата и играњето улоги на наставникот. Во трудот ги опишува сите дефиниции за идеален наставник, сите позитивни очекувања од средината... но, тој потенцира „...слободно може да се заклучи дека овде се работи за класична предрасуда, овие митови бараат од наставникот да се откаже од својата човечност...”.

Барбареев, К. (2006) Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителна година, Годишен зборник бр.5-6 на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев” - Штип, стр.132

Во трудот „Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителната година” д-р Кирил Барбареев прави обид во рамките на курикулумот за предучилишно воспитание и образование да се создадат услови за пренесување на надлежностите од централно на локално ниво, со што би се подигнала свеста за максимално искористување на постојните капацитети во локалната средина за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност. Неговата препорака е 25% од курикулумот да биде креиран од содржини од локалната средина.

Барбареев, К., Јованова, С. (2007) Демократијата и образованието, Меѓународна научна конференција, Благоевград, Бугарија, 8.5.2007 г.

Во овој коавторски труд се укажува дека во современите услови на живеење, најважен дел е образованието. Училницата претставува микрокосмос на широката заедница. Авторите зборуваат за демократијата и образованието, за нивната практика. Првиот чин е на родителите, а потоа на наставниците. Тие се првите модели со кои децата доаѓаат и преку кои ќе ги научат основните животни правила и модели на демократско или недемократско однесување. На пример, слободата на говорот, моќта наспроти почитта итн. Трудот упатува на заклучокот дека со добар наставен план на воспитно-образовниот процес децата ќе бидат подготвени да живеат и да ја практикуваат демократијата.

Барбареев, К. (2007) Учителот – пример за убавото и доброто, Научна конференција, Штип, мај 2007 година

Во овој труд авторот се фокусира на значењето на личноста на учителот. Во трудот се потенцираат најважните карактеристики на идентитетот на наставникот и неговата педагошка насоченост. Притоа, авторот задржувајќи се на личноста на учителот нагласува дека постои особен тип на човек за кого е значајно да бара и наоѓа најразлични и најпримерни можности и ситуации во кои лесно ќе постигне воспитен и образовен успех.

Барбареев, К. (2007) За ВАЛДОРФ педагогијата, Годишен зборник бр.7 на Педагошкиот факултет – Штип, стр.45

Трудот „За Валдорф педагогијата" претставува студија на специфичен пристап на воспитание и образование, кој се спроведува во валдорфските училишта и градинки ширум светот. Во овој труд д-р Кирил Барбареев се обидува да потенцира дека најважниот фактор во системот на воспитание и образование е - воспитувачот. „Вистинските педагошки чекори и мерки никогаш не се реализираат преку програмата, ниту пак од теоријата, туку тие настануваат преку способноста на воспитувачот да ја развие својата интуиција и да го наслушнува она што се случува кај детето, да го истражува она што детето го носи со себе и она што е најдобро за него".

Barbareev, K., Jovanova-Mitkovska, S., (2008) Role and meaning of ICT in longlife education. International conference 27-29.3. Sombor, Serbia

Во овој коавторски труд се укажува на значењето и улогата на информатичката технологија за доживотното образование. Се испитуваат мислењата и ставовите на наставниците за потребата од понатамошна едукација неопходна за нивниот професионален развој. Целта на истражувањето е изнаоѓање на соодветни форми со кои полесно ќе може да се организира и реализира доживотното учење на наставничкиот кадар.

Во трудот "Child and Drama Art" (Детето и драмската уметност), д-р Кирил Барбареев го истакнува значењето на сценските уметности во периодот на предучилишното воспитание и образование, со посебен акцент на драмската уметност. Авторот посочува студиски програми на факултети кои едуцираат кадар за предучилишно воспитание и образование во неколку држави, каде јасно може да се види застапеноста на сценските уметности на факултетите кои подготвуваат кадар за предучилишно воспитание и образование.

Барбареев, К. (2008) Зошто – локален курикулум? Списание за современо воспитание, образование и настава „Воспитни крстопати", Бр.124, Маринг, Скопје

Во трудот се даваат најважните карактеристи за потребата и значењето на воведување на локален курикулум. Според д-р Кирил Барбареев локалната средина е посебно значајна во воспитно-образовната работа со децата од раната училишна возраст, затоа што со своето богатство и разновидност може да ги раздвижи процесите на асимилација и акомодација кај децата. Притоа, во трудот се укажува дека доколку таа разновидност е поголема, ќе бидат поголеми и промените, што ќе доведат до побогати, пофлексибилни и поразвиени структури на однесување кај децата.

Барбареев Кирил (2009) Inclusion of children and students with special needs disabilities and learning difficulties in the regular educational system, 12th International Conference on Inclusive Education in the Balkan Countries: Polices and Practice Ohrid, 25-27 June 2009

Во овој труд авторот ја наметнува дилемата - ако за образованието на учителот за работа со децата веќе не е доволно образованието од 3, 4 или 5 години, тогаш се поставува клучното прашање колку треба да трае образованието на учителот кој ќе биде оспособен да работи со децата со специјални потреби? Притоа се посочува дека уште поважно е прашањето за содржината на курикулумот во институциите кои образуваат идни учители. Каков треба да биде курикулумот? Кој треба да го креира? Авторот нагласува дека, сепак, на крајот можеби треба да почнеме од почеток, а тоа е колку општеството е подготвено за отфрлање на стереотипите и предрасудите на луѓето со специјални потреби. Токму тоа е најголема борба која е услов за вистинската инклузија на децата во редовниот систем на воспитание и образование.

***Список на научни и стручни трудови***

1. **Барбареев, К. (**2004) Каде оди образованието во светот, Списание за современо воспитание, образование и настава „Воспитни крстопати", бр.89, Ѕвезда, Скопје, стр.14.
2. **Барбареев, К. (**2005) За просветителството, Весник на просветните работници на РМ, „Просветен работник", Година LII, бр.925 Скопје, стр.14.
3. **Барбареев, К. (**2006) Развој на предучилишниот курикулум со посебен осврт на курикулумот Desirible outcomes, списание „Воспитание", бр.6-7, Педагошки факултет „Гоце Делчев", Штип, стр.169.
4. **Барбареев, К**.(2006) Педагошкиот идентитет на наставничкиот кадар, Научна конференција, Струга 12-14.10.2006 година.
5. **Барбареев, К.** (2006) Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителна година, Годишен зборник бр.5-6 на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" Штип, стр.132.
6. **Барбареев, К**. (2006) Детектор на бесмислената стварност, Национална установа Библиотека, „Гоце Делчев" – Штип.
7. **Барбареев, К., Јованова, С.** (2007) Демократијата и образованието, Меѓународна научна конференција, Благоевград, Бугарија, 8.5.2007.
8. **Барбареев, К.** (2007) Учителот – пример за убавото и доброто, Научна конференција, Штип, мај 2007 година.
9. **Барбареев, К.** (2007) За ВАЛДОРФ педагогија, Годишен зборник бр.7 на Педагошкиот факултет – Штип, стр.45.
10. **Барбареев, К., Јованова, С.** (2007) Multilingval education, Меѓународна научна конференција, Китен, Бугарија .
11. **Barbareev, K., Jovanova-Mitkovska, S.** (2008) Role and meaning of ICT in longlife education. International conference 27-29.3., Sombor, Serbia.
12. **Barbareev, K.** (2008)**,** Child and Drama Art, IV International conference, 13-15.06. Ohrid, Pedagogy faculty Skopje.
13. **Барбареев, К.** (2008). Зошто – локален курикулум? Списание за современо воспитание, образование и настава „Воспитни крстопати", бр.124, Маринг, Скопје.
14. **Barbareev Kiril** (2009), Inclusion of children and students with special needs disabilities and learning difficulties) in the regular educational system, 12th International Conference on Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice Ohrid, 25-27 June 2009.
15. **Barbareev Kiril** (2009), From life-wide to life-long**,** 6th international conference on informatics, educational technology and new media in education: Sombor, march 28-29.2009.
16. **Барбареев. К** (2010) Идентитетот на учителот, Първа пролетна национална конференция „Утвърждаване и повишаване авторитета на учителя в съвременните условия" 20-21.3.2010 год. гр.Варна

***Стручно-апликативна дејност***

Последниве години д-р Кирил Барбареев, покрај ангажираноста на Педагошкиот факултет, работи и како раковотител на Центарот за односи со јавноста на Универзитеот „Гоце Делчев" - Штип, каде раководи со Одделот за издравачка дејност, Одделот за реклама и пропаганда и Универзитетското радио.

Од 2006 година д-р Кирил Барбареев е член на Уредувачкиот одбор на списанието „Воспитание" и член на Уредувачкиот одбор на зборникот на трудови на Педагошкиот факултет.

Од 2007 година кандидатот Барбареев е член на Раководно тело во Центарот за евроатланска интеграција и демократија. Во 2007 г. е координатор на Летниот универзитет ИСУМ. Учествува во подготовки и реализации на голем број претстави, рецитали и промоции на книги. Во реализација на вежбите по Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот, секоја година со студентите подготвува новогодишна претстава за децата кои претстојуваат во детските градинки во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот д-р Кирил Барбареев е млад надежен кадар, кој со својата академска ангажираност дава значаен придонес во развојот и напредокот на

педагошката наука и наставната практика. Во својата средина е познат како мошне почитуван соработник, активен творец кој со своите актуелни теми на елаборација и проектни ангажмани е носител на бројните заложби за афирмација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Од презентираниот наставно-научен, научноистражувачки и апликативно-стручен ангажман на д-р Кирил Барбареев, Комисијата оценува дека кандидатот во целост ги исполнува законските услови предвидени според Конкурсот.

Притоа, забележителен е неговиот постојан прогресивени стручен и научен развој со особено значен придонес во научната област образование.

Неговиот научноистражувачки интерес е доста широк и е фокусиран на подрачјето во чии рамки последниве години е ангажиран.

Со особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му предлагаме **д-р Кирил Барбареев да го избере за звањето** доцент **за научната област** образование.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Лена Дамовска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Адамчевска – член, с.р.**
**Доц. д-р Снежана Јованова-Митковска – член, с.р.**

## ПРИЛОГ

### Табела на активности на д-р Кирил Барбареев

| | Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| 1. | Рецензент на учебник | 1 | 1 | 1 |
| 2. | Научнопопуларна статија во весник | 1 | 0,5 | 0,5 |
| 3. | Учество во образовна РТВ програма | 18 | 0,5 | 9 |
| 4. | Реализација на вежби | Студиска 2005/06 (14*0,2)<br>Студиска 2006/07 (14*0,2)<br>Студиска 2007/08 (14*0,2)<br>Студиска 2009/10 (18*0,2)<br>Студиска 2010/11 (19*0,2) | 14+14+14+18+19<br>= 79*0,2 | 15,8 |
| 5. | Организатор на летна школа | 1 | 2 | 2 |
| 6. | Статија во наставно-образовно списание | Во земјава 4<br>(бр.1,2,8,13) | 1 | 4 |
| | Научноистражувачка дејност (НИ) | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | Индивидуално 2<br>(бр.9,16)<br>Коавторство 3<br>(бр.7,10,11) | 2*1,3<br>3*1 | 5,6 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат | Во земјава 4 бр.(4, 14, 12, 8)<br>Во странство 4<br>(бр.7,10,11,15) | 4*1,5<br>4*2 | 14 |
| 3. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект | Во земјава 2<br>Во странство 2 | 2*2 = 4<br>2*3 = 6 | 10 |
| 6. | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | 1 |
| 7. | Член на организационен одбор на научен собир | 1 | 1 | 1 |
| 8. | Студиски престој во странство | 2 | 8 | 16 |
| | | | | |
| | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | |
| 1. | Техничко унапредување | 1 | 2 | 2 |
| 2. | Раководител | 1 | 3 | 3 |
| 3. | Член на универзитетско тело | 2 | 5 | 10 |
| 4. | Член на факултетски орган | 2 | 2 | 4 |
| 5. | Пленарно предавање на стручен собир | Во странство 1 | 4 | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | **114,9** |